**20130360904**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011 и 98/2012) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на 29.10.2012 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

(1) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува од пензиско друштво надомест за:

1) барања за дозвола за основање на пензиско друштво и за одобрение за управување со задолжителен и/или одобрение за управување со доброволен пензиски фонд во висина од 10.000,00 денари;

2) дозвола за основање на пензиско друштво во висина од 150.000,00 денари;

3) дозвола за вршење дејност – управување со задолжителни пензиски фондови или дозвола за вршење дејност – управување со доброволни пензиски фондови во висина од 50.000,00 денари;

4) одобрение за управување со задолжителен или одобрение за управување со доброволен пензиски фонд во висина од 50.000,00 денари;

5) организирање на испит за агенти во висина од 1.000,00 денари, по лице;

6) организирање на испит за агенти за лице кое повторно полага испит поради претходно бришење од Регистарот на агенти во висина од 3.000,00 денари, по лице;

7) запишување во Регистарот на агенти во висина од 300,00 денари;

8) вршење на услугите:

а) годишна обнова на упис во регистарот на агенти во висина од 200,00 денари, по агент; и

б) присуство на семинари и обуки за едукација за капитално финансирано пензиско осигурување организирани од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во висина определен во зависност од реалните трошоци на семинарот или обуката.

9) други надоместоци:

а) спроведување на постапка за давање согласност на договорот склучен меѓу пензиско друштво и правно лице кое врши услуги со хартии од вредност во висина од 10.000,00 денари;

б) спроведување на постапка за давање согласност на промена на статутот на пензиско друштво или на задолжителен и доброволен пензиски фонд во висина од 20.000,00 денари, освен во случај на промена на сопственичката структура;

в) спроведување на постапка за давање согласност на промена на сопственичката структура на пензиско друштво во висина од 30.000,00 денари; и

г) пристап кон информациониот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во висина од 30.000,00 денари, еднократно.

(2) Покрај надоместоците утврдени во став (1) од овој член Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва сите фактички трошоци што ги имала при извршувањето на работите со трети лица.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва бр. 02-1558/4 од 20.10.2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/2008).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од Собрание на Република Македонија.

Бр.02-1255/3
29 октомври 2012 година
Скопје

Потпретседател
на Управниот одбор,
**Хаки Фазлиу**, с.р.